The project is financed by European Union

Женска граѓанска иницијатива
Iniciativa qytetare e femrave

MULTIKULTURA

## Соопштение до јавноста

## ПРЕКУ МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ КОН СОЖИВОТ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА

ХУМАНИТАРНА МУЛТИЕТНИЧКА АКЦИЈА НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ОД „АРСЕНИ ЈОВКОВ“ ОД СКОПЈЕ

28. 10. 2013

На 28 октомври 2013 учениците од ДСУ СУГС „Арсени Јовков“ од Скопје, организираа јавна акција за собирање на финансиски средства, облека и играчки за помош на децата од *Дневен центар за деца на улица* од Шуто Оризари. Обединети во името на хуманоста, средношколците од ова мултиетничко училиште одржаа хуманитарен музички настап на кој изведоа песни од македонската, албанската, ромската, турската и србската музичка култура. Публиката воодушевена од мултиетничкото единство што учениците го покажаа, многу дарежливо донираа дел од својот буџет и сопственост во поддршка на овој хуман чин. Со оваа јавна акции, средношколците ја пренесуваат својата порака за промоција и практикување на вредностите на мултикултурализмот и докажаа дека единствено со заедничко дејствување можеме да допринесеме за позитивен развој во општеството и да им помогнеме на оние на кои навистина имаат потреба од помош.

Оваа активност е реализирана во рамките на проектот „Преку младински активизам кон соживот на различностите во заедницата“ чија главна цел е зголемување на улогата и активизмот на младите во промовирањето и практикувањето на вредностите на мултикултурализмот и соживотот во заедницата. Проектот финансиски е поддржан од Европска Унија во рамките на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) а е во имплементација на Женската граѓанска иницијатаива АНТИКО и Мултикултура.

Контакт за дополнителни информации:
Женска граѓанска иницијатива Антико
Тел. 02/ 2 614 641
e-mail: antico@t-home.mk